Во врска со Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 192/16), Министерството за економија го дава следното

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Владата на Република Македонија на 15.08.2017 година донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година и истата на 21.08.2017 година е објавена во „Службен весник“ бр.117/17.

Измените се изготвени согласно Ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2017 година година („Службен весник на Република Македонија“ бр.109/17), со што во Буџетот на Министерството за економија, во раздел 32 Развој на енергетиката на ставката субвеции и трансфери се одобрени дополнителни 10.000.000 денари.

Согласно горенаведеното, во предметната Програма во делот за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година, наместо 20.000.000 денари ќе бидат доделени средства во вкупен износ од 30.000.000 денари.